РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет – Скопје

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ss Cyril and Methodius University – Skopje
Faculty of Philosophy – Skopje

До
Средствата за јавно информирање

**Предмет: Покана за известување на Панел дебата на тема „Општествените промени по Украина“, ЧЕТВРТОК 14. VII 2022 г. во 10 ч, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Почитувани,

Со особено задоволство Ве покануваме да присуствувате на првата панел дискусија од серијата на дебати АКАДЕМСКИ ВИДИК на тема „Општествените промени по Украина“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје што ќе се одржи Утре (ЧЕТВРТОК) на 14. VII 2022 г. во 10 часот.

Панел дебатата ќе ја отвори Претседателот на Република Северна Македонија г-дин Стево Пендаровски, Амбасадорот на Украина во нашата државата Н.Е. Наталија Иванивна Задорожљук и Деканот на Филозофски факултет проф. д-р Ратко Дуев, а говорници ќе бидат професорите Марјан Ѓуровски, Оливер Бакрески, Милева Ѓуровска и Антоанела Петковска од Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Се покануваат претставници на медиумите да присуствуваат и известуваат од настанот.

**Се планира во 9:30 часот да следуваат изјави за медиумите од професорите кои ќе земат учество на Форумот.**

Преку одржување на форумот имаме за цел потикнување на јавна дебата како и да дадеме придонес кон надминување на предизвиците со кои ќе се соочува македонското општество и светот како импликација на војната во Украина.

Теми за дискусија на панел дебатата е: Какви импликации има војната во Украина врз безбедноста и одбраната? Како војната во Украина го смени светот? Како војната во Украина може да ја смени историјата? Како војната во Украина изврши социо-демографски промени? Какво влијание војната во Украина имаше врз економската безбедност? Како војната во Украина влијаеше врз психологијата на комуникации? Како лажните вести ја убиваат вистината за војната?

Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е вистинското место каде на едно место државни и меѓународни претставници, професори и истакнати општествени чинители треба да дебатираа на темата „Општествените промени по Украина“. Ова е најважната тема која за жал ќе ја водиме во една светска криза наметната преку војната во Украина. Општествениот придонес на серијата дебати „Академски видик“ е во неговиот концепт да даде придонес кон помагање во решавањето на некои општествени проблеми или процеси.

Настанот може да се следи на ФБ страницата на факултетот и на следниот ZOOM линк: https://us06web.zoom.us/j/83047676644?pwd=SlRmMWd6UlVLbDRLdGFKalJPaWxnUT09

Скопје, 13. VII 2022 г.

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

Бул. Гоце Делчев бр. 9а, 1000 Скопје / Blvd. Goce Delcev No. 9a 1000 Skopje
Тел.(++389) 2 3116520, Декан 3 116 528, жиро сметка 160010422778818
Phone. (++389) 2 3116520, Dean 3 116 528, account 160010422778818
www.fzf.ukim.edu.mk e-mail: fzf@ukim.edu.mk